ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 10.10.2014

## СООПШТЕНИЕ

### Одбележување на Светскиот ден на артиритисот – обраќање на директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова

Свесни сме дека Светскиот ден на артритисот е еден од најзначајните денови за пациентите со ревматолошки заболувања и истиот се прославува насекаде ширум светот. Како здравствени власти и како Фонд за здравствено осигурување на Македонија ги цениме укажувањата на нашите партнери, здруженијата на пациенти и овозможивме терапија преку условните буџети, кои се таргетирани токму за пациентите со овие заболувања.




Работиме во континуитет на информираноста на граѓаните за живеењето со хроничните ревматолошки заболувања. Потребно е гласно и несебично да дадеме поддршка на лицата кои страдаат од овие заболувања.



Паралелно, ја продлабочуваме соработката со Клиниката за ревматологија и со здружението на пациенти НОРА на полето на ревматскиот артритис.

Ова го истакна м-р Маја Парнарџиева-Змејкова на одбележувањето на Светскиот ден на артритисот, директорката на ФЗОМ, кој годинава се одбележува под мотото „Мојата порака до артритисот“. Заблагодарувајќи се на поканата, Парнарџиева-Змејкова истакна дека идејата да се одбележи Светскиот ден на артритисот со поезија која ни дава и духовна храна, заслужува честитики.